Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година) и Деловникот за изменување на Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-2949/1 од 30.05.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 24-та седница одржана на 05.06.2019 година, во врска со Предлогот бр.03-3000/1 од 05.06.2019 година за покренување прекршочна постапка против на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2), го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор бр.10-2923/1 од 28.05.2019 година на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) и утврди дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) не постапил по решението за изрекување мерка (Уп1 бр.03-72, од 08.03.2019 година), односно не ја отстранил извршената повреда на член 14 од Законот за медиуми.

2. Советот заклучи против Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на член 14 од Законот за медиуми, наведениот радиодифузер во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис, односно и покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 08.03.2019 година, Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2) не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за медиуми.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:
   - Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
   - Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
   - Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
   - Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр.02-2973/3**

**05.06 2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele
СКОПЈЕ / SHKUP